ЈПКД"Брегалница"-Делчево
Бр. __0102-85/1____
_____15.03.2019___ год.
Д Е Л Ч Е В О

# И З В Е Ш Т А Ј
## За работата на ЈПКД"Брегалница"-Делчево за 2018 година

**-Основни податоци**

Јавното претпријатие за комунални дејности "Брегалница" е основано со Решение бр.01-4476/1 од 10.11.1966 година донесено од Собрание на Општина Делчево како Установа за комунални услуги и е запишано во Судскиот регистар со Решение на Окружниот стопански суд во Штип Ус. Број 122/66 од 22.12.1966 година.

Со Одлука на Собранието на Општина Делчево број 0101-924 од 27.11.1989 година ЈПКД Брегалница-Делчево е организирано како јавно претпријатие за комунални дејности.

Статутот на ЈПКД"Брегалница"-Делчево е донесен од страна на Управниот одбор на претпријатието а на седницата на Советот на Општина Делчево е дадена согласност на истиот со Одлука бр.07-1799 од 29.12.2005 година.

**-Дејност**

Јавното претпријатие "Брегалница" врши дејности согласно Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпадот, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за гробишта и погребални услуги и Законот за јавна чистота.

Основната дејност -претежната дејност на претпријатието е:

-Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење;

Покрај основната дејност претпријатието ги врши и следните дејности:

-одведување на урбани отпадни води преку канализационата мрежа;
-собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад;
-расчистување на диви депонии во градот и руралните населби.
-изградба на нова и реконструкција на постојна водоводна и канализацинона мрежа и друг вид на јавна инфраструктура;
-чистење и метење на улици и јавни површини;
-одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини;
-одржување, уредување и управување со градски гробишта;
-одржување на градски зелен пазар под што се подразбира одржување на објекти, направени тезги за давање на услуги за трговија.
-одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево.
-крпење на ударни дупки, прекопи на улици и др.

**-Организациона поставеност**

За што поуспешно извршување на овие дејности а во согласност со Правилникот за внатрешна организација, работењето на претпријатието е организирано во следните работни единици:

1.СЕКТОР-Општи, правни и финансиски работи;
2.СЕКТОР-Водовод и канализација;
3.СЕКТОР-Комунална хигиена и механизација;
4.СЕКТОР-Паркови и зеленило,градски гробишта и пазар.

**-Органи на управување:**

Органи на управување во Јавното претпријатие се:
-Управен одбор;
-Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење;
-Директор на Јавното претпријатие.

**-Број на вработени:**

Бројот на вработени во ЈПКД"Брегалница"-Делчево со состојба на 31 Декември 2018 година изнесува 79 вработени во редовен работен однос и 11 привремени работници ангажиран преку Агенција за привремени вработувања.

**-Реализирани активности по Работни единици во 2018 гогина**

## СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

Во 2018 година до домаќинствата и правните лица, како корисници на нашите услуги , фактурирани се вкупно 549.053 м3 вода. Главни носители на потрошувачката се домакинствата со 501.765 м3 или 91% а до правни лица дистрибуирани се 47.288 м3 или 9%.

Во 2018 година од домаќинствата преку јавниот канализационен систем се одведени и фактурирани вкупно 472.159м3 урбани отпадни води или 90% од вкупно фактурираната канализација а од правните лица одведени се 53.510 м3 урбани отпадни води или 10%.

Работната единица Водовод и канализација во извештајната 2018 година ги има извршено следните редовни - тековни работни активности:

- Отклонети се вкупно 46 дефекти на главни водоводни линии во градот Делчево и селските населби на следните профили: ф400=1; ф110=23; ф90=10; ф63=12;

- Извршени се вкупно 60 интервенциии на разводна мрежа во градот и селските населби претежно на поцинковани линии како и на ПЕ црева;

- Одговорено е на повици од граѓани и правни лица и отклонети се вкупно 140 дефекти на приватни приклучоци на вода (пред водомер и во водомерните шахти);

- Извршена е замена на вкупно 147 неисправни водомери;

- Извршени се 41 нови приклучувања на нови потрошувачи;

Во тековното работење околу одржувањето на канализацијата извршено е санирање на 20 канализациони шахти.

-Извршени се вкупно 25 интервенции на отпишување на запишени канализациии на главни лини.

-Одговорено е на вкупно 42 повици од правни и физички лица за отпишување на приватни канализациони линии.

Покрај редовните и тековни активности, во 2018 година се извршени и следните активности:

- Извршена е реконструкција на потисен цевковод ф110 од пумпна станица до резервоар во с.Габрово во вкупна должина од 800м1;
- Изградба на нова фекална канализациона линија во населба Пролет со полиетиленски коругирани цевки ф200 во должина 256м1 и атмосферска канализација со ПЕ коругирани цевки ф300 во должина од 36м1;
- Изградба на нова фекална канализација во населба СРЦ со ПЕ коругирани цевки ф200 во должина од 72м1;
- Извршена е санација на водоводната инсталација на бунарскиот сsстем во Филтер станица во с.Тработивиште;
- Монтирана е времена водоводна линија во населба СРЦ со ПЕ црево ф32 во должина од 80м1;
- Извршена е монтажа и пуштање на Фонтана во езерца во паркот пред новата црква;
- Изработена е нова линија за нова Фонтана на улица Маршал Тито;
- Поставување на нова водоводна линија 5/4 за довод на вода до селската чешма во должина од 200м1;
- Реконструкција на стара водоводна линија на Булевар Македонија (пред салон Делком) во должина од 30м1;

**Градежна група во Сектор Водовод и канализација**

Градежната група во рамки на Секторот Водовод и канализација во текот на 2018 година ги има реализирано следните активности:

-Изградба на пристапна патека со бехатон плочки помеѓу Пошта и станбена зграда на М.М.Брицо со површина од 14,4м2;

-Изградба на пристапна улица во Ново Делчево со бехатон плочки во површина од 110м2;

-Проширување на дел од улица во 3-ти реон со бехатон плочки со површина од 22м2 и поставување на тротоарски рабници во должина од 18м1;

-Санирање на прекопи со бехатон плочки;

-Санирање на улични рабници во должина од 12м1 на улица Питу Гули;

-Подигање на водоводни шахти на тротоарите на улица Питу Гули и нивно нивелирање со висината на новите бехатонски тротоари;

-Изработка и поставување на решетки за атмосферска вода преку улица во должина од 3м1 во с.Разловци;

-Санација на 2 канализациони шахти на улица Илинденски и поставување на нови метални капаци во бетонски излиени плочи;

-Уредување на земјени банкини на патот до с.Габрово во должина од 2км;

-Санација на ударни дупки на Полигон за полагање возачки испит и обележување на полигонот;

- Извршена е дислокација на колектор за отпадни води од левата страна на кејот на река Брегалница ф600 во должина од 10м заради изградбата на пешачкиот мост на река Брегалница;

-Изградба на атмосферска канализација во населба Пролет, ф500 во должина од 135 метри, ф400 во долзина од 42 метри и ф 315 во должина од 80 метри со изработка на 6 атмосферски канализациони шахти;

-Изградба на фекална канализација во населба Пролет со пречник ф200 во должина од 42 метри;

## СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗАЦИЈА

За што поуспешно извршување на работните задачи од делокругот на комуналната хигиена изготвен е Распоред за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад по денови и улици во градот Делчево и селата Габрово, Ѕвегор, Полето, Град и Трaботивиште како и за училиштата во с.Стамер и с.Вирче.

Комуналниот отпад се собира со три специјални возила за собирање на отпад (ИВЕКО ДЕЈЛИ 65Ц, МЕРЦЕДЕС 2222 и МЕРЦЕДЕС 12.13) и два трактори ИМТ 565 и ИМТ 539 за местата и улиците во кои нема пристап за специјалните возила.

Во 2018 година отпочнавме со редовно собирање на комуналниот отпад и на дел од корисниците од село Полето, поточно во 2018 година се склучени договори со 40 корисници од село Полето на кои редовно им се врши услуга за собирање на комуналниот отпад.

Во извештајниот период (во 2018 година) извршено е собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад од домаќинствата во количина од 5.160 тони или 430 тони месечно;

Од правни лица кои имаат склучено договори за депонирање на индустриски отпад депониран е индустриски отпад во извештајниот период од вкупно 120 тони или во просек по 10 тони индустриски отпад месечно;

Покрај редовното собирање на комуналниот отпад се врши и повремено собирање и депонирање и на отпадот од Баткова чешма и од планината Голак на спортските терени а особено за време на одржување на Голачките Фолклорни средби кај бината каде се одржува настанот;

Исто така редовно се вршеше собирање на комуналниот отпад од Граничниот премин врз основа на склучен Договор со Царинската управана РМ.

Во есенските месеци Октомври,Ноември и Декември извршено е собирање на сезонски растителен отпад од дворните места во градот Делчево и населба Звегорска река и Басарица со два камиони (ФАП 1314 и МАН) и еден трактор и тоа по 3 до 4 повторувања на целиот терен;

На неколку наврати е извршено е целосно чистење на градска депонија Острец со Булдожер БНТ 105 заради добивање на чиста површина за депонирање на нов отпад и извршено е опесочување на истата со околу 80м3 песок и шлунак;

Како на самата депонија исто така во неколку наврати е извршено саанирање на самиот пат Делчево-Острец кој е повеќепати оштетуван од поројните дождови од причини што не е асфалтиран и кој посебно ни прави проблем во зимските месеци при појава на снежни врнежи.

Во извештајниот период покрај редовното собирање на комуналниот отпад од домаќинствата и правните лица извршени се и следните активности:

-Чистење на дива депонија меѓу 2-ри и 3-ти реон во два наврати;

-Чистење на дива депонија на пат за Голак над Градските гробишта лево и десно од патот за Голак;

-Чистење на дива депонија во Црквенски ендек;

-Чистење на дива депонија во Очипала;

-Чистење на депонија за инертен отпад (градежен шут и растителен отпад) Ралева чука (4 пати);

-Чистење на дива депонија кај месноста Попов мост;

-Чистење на дива депонија кај Стамерски ендек;

-Чистење на дива депонија кај мостот на река Брегалница на ул Индустриска (долен мост) од двете страин на река Брегалница;

-Подигање на градежен шут кај погон на поранешна кожара;

-Чистење на коритото на река Брегалница и река Габровчица од наноси талог;

## СЕКТОР ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО,ГРАДСКИ ГРОБИШТА И ПАЗАР

Секторот за одржување на паркови и зелени површини во извештајниот период ги има извршено следните редовни (тековни) работни активности од својот делокруг на работа:

-Одржувањето на парковите и јавните зелени површини е примарна активност на оваа работна единица и опфаќа : машинско и рачно косење на трева гребулење,собирање и изнесување на тревата и друг отпад,садење на сезонско цвеќе, поправка и одржување на парковски клупи и реквизити, полевање на тревата и цвеќињата во летниот период, кроење на украсни дрвца и грмушки, кастрење на суви гранки и сл.

-МАШИНСКО КОСЕЊЕ НА ТРЕВА

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. | Повтор. | Вк. пов/кол |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Триаголници кај семафори и кај споменик на Гоце Делчев | 400 | 28 | 11200 |
| 2 | Парк пред комплекс Делчевчанка | 200 | 26 | 5200 |
| 3 | Парк пред Стопанска банка | 250 | 28 | 7000 |
| 4 | Жардинерии на ул.Булевар Македонија (од Бензинска пумпа до семафори) | 2000 | 19 | 3800 |
| 5 | Жардинерии на ул.Бул.Македонија (од семафори до с.Звегор) | 2000 | 13 | 2600 |
| 6 | Жардинерии на ул.М.Тито | 2000 | 23 | 4600 |
| 7 | Жардинерии на ул.М.М.Брицо | 2000 | 26 | 5200 |
| 8 | Градски парк пред спомен дом АСНОМ | 7500 | 25 | 187500 |
| 9 | Парк со езерца пред споменик на Гоце Делчев | 4500 | 26 | 117000 |
| 10 | Парк на Кеј на Ослободувањето | 10000 | 25 | 250000 |
| 11 | Детски игралишта (Милково Брдо, старо Пожарно и Стрелиште) | 840 | 8 | 6720 |
| 12 | Мини парк на ул.Питу Гули | 200 | 6 | 1200 |
| 13 | Градски Стадион | 6050 | 23 | 139150 |
| 14 | Лево и десно од пешачката стаза од стар Монопол до с.Звегор | 5000 | 1 | 5000 |
| 15 | Градски гробишта (стари, средни и горни) | 2000 | 6 | 12000 |

-РАЧНО КОСЕЊЕ НА ТРЕВА СО ТРИМЕР

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. | Повтор. | Вк. пов/кол |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косините лево и десно од мостот на река Брегалница (под стоковна кука ПЕЛА и под црква Св.Кирил и Методиј) | 10000 | 8 | 80000 |
| 2 | Кеј на река Брегалница | 10000 | 13 | 130000 |
| 3 | Корито на река Габровчица | 10000 | 6 | 60000 |
| 4 | Триаголник на спој на ул.В.Влаховиќ и ул. Македонска | 150 | 3 | 450 |
| 5 | Триаголник на ул.Пере Тошев | 150 | 3 | 450 |
| 6 | Триаголник на спој на ул. Пере Тошев и ул.В.Јоциќ и ул.Македонска | 150 | 3 | 450 |

## -ГРЕБУЛЕЊЕ, СОБИРАЊЕ И ИЗНЕСУВАЊЕ НА ТРЕВА И ДРУГ ОТПАД

| Р. Бр. | Локација-место | Површ. | Повтор. | Вк. пов/кол |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Косење и чистење на зелена површина на ул.П.Тошев | 1000 | 1 | 1000 |
| 2 | Странично чистење на ул.Острец, ул.Солунска, ул.М.М.Брицо и дел од ул.Скопска | 4000 | 2 | 8000 |
| 3 | Странично чистење на ул.Бул.Македонија (од Бензинска пумпа до семафори) | 4000 | 2 | 8000 |
| 4 | Странично чистење на ул.Бул.Македонија (од семафори До с.Звегор) | 4000 | 3 | 12000 |
| 5 | Чистење на андак во Расадникк и дел од ул.М.Тито и ул.Индустриска (околу Ветеринарна станица) | 1500 | 2 | 3000 |
| 6 | Странично чистење на ул.8ми Септември | 1000 | 1 | 1000 |
| 7 | Чистење на просторот околу трансформатор во Милково Брдо | 1000 | 1 | 1000 |
| 8 | Чистење на просторот пред маркет Жито | 100 | 4 | 400 |
| -9 | Странично чистење на ул.С.Марковиќ | 1000 | 3 | 3000 |
| 10 | Чистење на просторот околу детска градинка и автобуска станица | 1000 | 3 | 3000 |
| 11 | Странично чистење на дел од ул.Индусриска (од мостот на река Брегалница до ул.Бул.Македонија | 1200 | 2 | 2400 |
| 12 | Чистење на просторот и косината над гимназија М.М.Брицо | 600 | 3 | 1800 |
| 13 | Чистење на косината над ресторант Трла | 200 | 2 | 400 |

## -САДЕЊЕ НА СЕЗОНСКО ЦВЕЌЕ

| Р. Бр. | Локација-место | Ед, мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Парк Езерца, парк Стопанска Банка, парк комплекс Делчевчанка, и жардинерии на М.М.Брицо | Парче | 1800 |

## -ПОПРАВКА И ФАРБАЊЕ НА ПАРКОВСКИ КЛУПИ И РЕКВИЗИТИ

| Р. Бр. | Локација-место | Ед, мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Комплекс Делчевчанка,парк Стопанска Банка, пред Стоковна кука ПЕЛА, детско игралиште кај старо Пожарно, пред ресторант Македонија и спроти маркет Жито | бр | 34 |

-Одржувањето на јавната чистота односно секојдневното метење на улиците и тротоарите по претходно изготвен План и собирањето на отпадоци од јавните површини е исто така една од редовните активности на ова работна единица.

-МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

| ДЕН | РЕОН-УЛИЦИ | Површ. М2 | Повтору вање |
|---|---|---|---|
| ПОНЕДЕЛНИК | Градски парк АСНОМ, паркинг пред собрание, ул.Светозар Марковиќ и ул.М.М.Брицо (од мостот до семафори), ул.М.Тито и Градски пазар | 11.000 | 52 |
| ВТОРНИК | Градски полигон, ул. Кеј на Ослободување, парк во Ново Делчево, парк Езерца и двоен терен за тенис кај стадионот и ул.Н.Ј.Вапцаров | 9.800 | 52 |
| СРЕДА | Ул.М.М.Брицо (од старо Собрание до семафори), Ул.Бул.Македонија (од семафори до Скопјанка), | 5.200 | 52 |
| ЧЕТВРТОК | Ул.Бул.Македонија (од семафори до Сизоми), ул.М.Тито (од мосто до Борово) и ул.С,Марковик | 6.200 | 52 |
| ПЕТОК | Ул.М.М.Брицо (од семафорите до Сизоми), ул.Светозар Марковиќ и ул.Н.Ј.Вапцаров и Градски пазар | 6.000 | 52 |
| САБОТА | Градски пазар | 1.800 | 52 |

Покрај редовните активности во 2018 година иваа работна единица ги има извршено и следните дополнителни активности:

-Косење на трева со тримерки во с.Разловци (просторот околу основното училиште „Климент Охритски", дворот на црквата „Св.Цар Костадин и Царица Елена" и просторот околу спомен дом АСНОМ).

-Шишање на трева и чистење на просторот околу бината и манастирот Св.Пантелејмон на планината Голак.

-Метење и поставување на бина на планината Голак за „Голачки средби".

-Одстранување на предходно поставената бина на пл.Голак.

-Чистење на просторот околу бина и Манастир Св.Пантелемон на пл.Голак по завршување на манифестацијата ,Голачки средби".

-Косење на просторот позади детска градинка „Весели Цветови".

-Кастрење на зимзелени дрва во дворот на Завод за вработување и утовар и истовар на истите.

-Поставување знамиња по повод 7-ми и 8-ми Септември.

-Поставување натписи на летната бина по повод 7-ми и 8-ми Септември.

**-Одржување на јавното улично осветлување**

ЈПКД Брегалница-Делчево покрај другите дејности од јавен интерес врши и одржување на јавното улично осветлување во Општина Делчево.

Во рамките на оваа дејност реализирани се следните активности:

-Поради дотраеност на постоечките дрвени електрични столбови и поставување на нови бетонски столбови од страна на ЕВН дислоцирана е и постоечка инсталација и заменет обичен Al - кабел од 16мм2 и 25мм2 со самоносечки кабел (СКС 2х16 мм2) во должина од околу 3600м1 и тоа во градот Делчево ,населба Звегорска река, нас. Пролет и населба Басарица како и во селата Разловци, Тработивиште,Вирче, Град, и Стамер;

-Заменети се околу 370 дотраени флукомпактибилни (штедливи) улични светилки од 40W и 45W со лед светилки од 20W и 24W, и заменети се околу 100 светилки по парковите и се поставени нови лед светилки од 15W.

-Заменети се околу 350 бр. на Натриумови светилки од 150W по Бул.Македонија, М.М.Брицо, на М.Тито, централното градско подрачје како и на меѓународниот пат до Р.Бугарија (до с.Звегор) со нови ЛЕД светилки.

-Пуштени се нови линии во с.Разловци, с.Вирче, с.Габрово, нас. Пролет ин ас.Басарица;

-Отпочнато е поставување на нова линија-траса во с.Полето во должина од околу 2000м1;

-Поставени се нови 200 светилки во градот Делчеви и населените места во Општината;

-Извршена е замена на постоечката инсталација и поставено е ново броило на сцената на планината Голак на која се одржуваат Голачките фолклорни средби;

-Поставени се нови 20 ЛЕД светилки во Паркот со езерца кај новата црква и поставени се ЛЕД светилки внатре во езерцата;

-На 3 наврати е вршена замена на прегорени сијалици на семафорите односно вкупно се заменети 100 сијалици на семафорите;

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈПКД БРЕГАЛНИЦА ДЕЛЧЕВО ЗА 2018 ГОД

## 1.ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА

Годишната сметка е подготвена во согласност со Мегународните стандарди за финансиско известување објавени во Службен весник на РМ бр.159/09,64/10, и 107/11 кои се применуваат во Р.Македонија согласно законот за трговските друштва(Службен весник на РМ бр.28/04,84/05,25/07,87/08,48/10,24/11).Годишната сметка е поединечна а валутата на презентација е македонски денар.

Просечниот број на вработени во ентитетот заклучно со 31/12/2018 год изнесува 81.

## `2.ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Поважни користени сметководствени политики се следните

1)**Нематеријалните средства** евидентирани во годичната сметка се измерени според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и било какви загуби поради обезвреднување.

Евидентирањето на амортизацијата на нематеријалните средства(книговодствен софтвер) е засновано на нивниот корисен век.

Нематеријалните средства презентирани во годишната сметка се со ограничен корисен век и се амортизирани по стапка од 20% на годишно ниво.

2)**Материјалните средства** (Недвижностите,постројките и опремата) се презентирани според нивната набавна вредност намалена за акумулираната амортизација.

Акумулираната амортизацијата е пресметана со примена на пропорционалниот метод за периодите на корисен век на средствата со примена на следните стапки

А)Згради(високо ниска градба)................2.5%
Б)Моторни возила..................................25%
В)Компјутери...........................................25%
Г)Мебел и опрема..................................10-25%

**3)Паричните средства и паричните еквиваленти** се состојат од готовински парични средства на банкарските сметки и денарската благајна.

**4)Побарувањата од купувачите** се искажани според номиналната вредност намалена за соодветната исправка на сомнителните побарувања

**5)Приходите од продажба** се признаваат според објективната вредност на надоместокот кој е примен или се побарува.

Приходите се прикажани по фактурна вредност намалена за попусти и данокот на додадена вредност.

## 3.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

ЈПКД Брегалница во своето работење во 2018 година оствари позитивен финансиски резултат во износ од **321.014ден.(нето добивка по оданочување).**

## ПРИХОДИ

**Вкупно остварени приходи од работењето износуваат 40.528.422,00 денари**

| Р. бр | Приходи | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од вода за пиење –физички и правни лица | 15.277.610 | 16.319.008 |
| 2 | Приходи од канализација-физички и правни лица | 4.287.438 | 4.646.554 |
| 3 | Приходи од фактурирање на смет | 11.454.288 | 11.200.845 |
| 4 | Приходи од погребални услуги | 15.416 | 636 |
| 5 | Приходи од приклучок на водовод | 228.700 | 424.920 |
| 6 | Приходи од магацин | 14.302 | 12.472 |
| 7 | Приходи од резервации | 14.800 | 15.600 |
| 8 | Приходи од ковчег со крст | 0 | 150 |
| 9 | Приходи од вредносно усогласување на останати мат с-ва | 531 | 0 |
| 10 | Приходи од управување со гробишта | 176.119 | 209.194 |
| 11 | Приходи од водомери | 95.399 | 560.798 |
| 12 | Приходи од радиомодули | 3.958 | 1.005 |
| 13 | Приходи од пристап за изградба на споменик | 61.500 | 102.000 |
| 14 | Приходи од гробна такса | 682.280 | 670.740 |
| 15 | Приходи од ново гробно место | 224.196 | 134.247 |
| 16 | Приходи од машинско сечење на асфалт | 6.750 | 6.000 |
| 17 | Приходи од такса од полигон за полагање | 130.888 | 89.046 |
| 18 | Приходи од пазарна такса | 1.359.633 | 1.374.423 |
| 19 | Приходи од дозвола за влез во градски гробишта | 175.500 | 165.000 |
| 20 | Приходи од доплата за резервирано гробно место | 66.864 | 83.996 |
| 21 | Приходи од набавка и уградување на сервисирани водомери | 0 | 3.220 |
| 22 | Приходи од одржување на паркови И зеленило | 1.382.770 | 679.367 |
| 23 | Приходи од изработка на капак за водоводни шахти/шахти | 2.203 | 4.000 |
| 24 | Чистење на депонија од инертен отпад | 0 | 87.000 |
| 25 | Приходи од закупнина | 61.205 | 61.200 |
| 26 | Приходи од одржување на јавна чистота | 1.845.120 | 1.814.700 |
| 27 | Приходи –поврат на судски од извршител | 0 | 104.620 |
| 28 | Приходи од уништување на текстилна роба | 0 | 800 |
| 29 | Приходи по основ на сопствени услуги | 1.845.120 | 1.958.260 |
| 30 | Приходи од вишоци по попис | 24.085 | 13.090 |
| 31 | Приходи од минати година | 318.868 | 307.045 |
| 32 | Приходи од реклами,донации, спонзорства | 0 | 19.065 |
| 33 | Приходи од наплатени судски трошоци | 25.151 | 39.670 |
| 34 | Вонредни приходи | 16.060 | 49.523 |
| 35 | Останати приходи од работењето | 57.610 | 66.861 |
| 36 | Дополнителни приходи од минати години-градежни објекти | 40.676 | 40.676 |
| 37 | Приходи □за надомест на штета | 0 | 3.600 |
| 38 | Приходи по основ на камати по видување | 73 | 235 |
| 39 | Приходи од ископ на земја и транспорт на мат. До депонија | 2.500 | ////////// |
| 40 | Приходи од градежни работи | 5.085 | ////////// |
| 41 | Приходи од machинcки ископ на канализационен ров | 3.000 | ////////// |
| 42 | Приходи од поврат на награда-извршител | 0 | 14.428 |
| 43 | Приходи по спогодба | 0 | 26.372 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 44 | Приходи од затезни камати од работење со неповрзани субјекти | 241.886 | 207.431 |
| 45 | Приходи од користење на вода/хидрант | 0 | 5.000 |
| 46 | Приходи од канализација-ел. сајла | 47.200 | 21.000 |
| 47 | Приходи од продажба на водомери | 0 | 20.575 |
| 48 | Приходи од конструкција за паркирање на велосипеди | 0 | 3.220 |
| 49 | Приходи од отстранување дефект на водоводна линија | 0 | 2.000 |
| 50 | Приходи од уградување на бехатон плочки | 450 | 0 |
| 51 | Приходи од доплата за гробно место | 28.275 | 0 |
| 52 | Приходи од одржување на граничен премин Делчево | 304.913 | 0 |
| | **ВКУПНО ПРИХОДИ ЗА 2018 ГОДИНА:** | **40.528.422** | **41.569.592** |

## РАСХОДИ

**Вкупните расходи од работењето изнесуваат 39.546.381,00 денари**

| Конто | Назив на контото | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| 400 | Потрошени материјали и суровини | 1.079.204 | 830.212 |
| 401 | Трошоци за материјали | 235.561 | 503.805 |
| 402 | Потрошена електрична енергија,мазива | 3.315.679 | 4.711.983 |
| 404 | Потрошени резервни делови | 718.041 | 628.646 |
| 407 | Отпис на ситен инвентар-автогуми | 54.444 | 391.976 |
| 411 | Поштенски телефонски услуги | 95.918 | 98.948 |
| 412 | Трошоци за надворешни услуги | 44.554 | //////////// |
| 413 | Трошоци за одржување | 171.340 | 562.958 |
| 414 | Трошоци за закупнина | 1.800 | 12.511 |
| 415 | Трошоци за комунални услуги-ј.чистота | 1.937.376 | 1.905.141 |
| 417 | Трошоци за реклама, пропаганда промоција | 4.500 | ////////////// |
| 419 | Останати услуги | 2.408.267 | 943.681 |
| 420 | Вкалкулирани бруто плати | 25.689.144 | 24.480.059 |
| 422 | Надоместок за тех.вишок,останати трошоци | 339.016 | 205.748 |
| 430 | Трошоци за амортизација-гр.дел и опрема | 1.616.507 | 1.614.437 |
| 432 | Трошоци за амортизација-патнички и транспортни возила | 555.303 | 623.433 |
| 440 | Дневници за службено патување во земјата | 51.200 | 54.480 |
| 441 | Помош во случај на смрт-солидарен фонд | 29.700 | 17.400 |
| 442 | Трошоци за управен и надзорен одбор | 59.990 | 34.664 |
| 443 | Трошоци за спонзорство/донации | 16.186 | 89.522 |
| 444 | Трошоци за репрезентација | 79.536 | 192.682 |
| 446 | Банкарски услуги | 171.110 | 187.010 |
| 447 | Данок на имот,административни такси | 42.499 | 18.643 |
| 449 | Останати трошоци од работењето | 500.625 | 518.257 |
| 451 | Вредносно усогласување на фин.вложувања | ///// | ////////// |
| 455 | Отпис на побарувања | /////// | ////////// |
| 460 | Загуби од неотпишана вредност - материјалните ссредства | 58.894 | 20.368 |
| 469 | Останати расходи од работењето | 230.894 | 904.974 |
| 474 | Трошоци за камати по кредити од банки ,фин.лизинг | 871 | 15.408 |
| 479 | Камати за ненавремено платени јавни давачки | ////// | 59.442 |
| 703 | Набавна вредност на продадени материјали | 38.222 | 349.603 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА 2018 ГОДИНА:** | **39.546.381** | **39.975.991** |

# ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА
**(заклучно со 31/12/2018)**

**Фактурирано/Наплатено**
**-ДОМАКИНСТВА**

| Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|
| 01/2018 | 2.233.340 | 2.123.936 | 95% | 109404 |
| 02/2018 | 2.186.797 | 2.068.910 | 95% | 117.887 |
| 03/2018 | 2.177.046 | 2.051.389 | 94% | 125.657 |
| 04/2018 | 2.192.016 | 2.042.143 | 93% | 149.873 |
| 05/2018 | 2.252.371 | 2.092.610 | 93% | 159.761 |
| 06/2018 | 2.592.150 | 2.385.473 | 92% | 206.677 |
| 07/2018 | 2.557.352 | 2.309.145 | 90% | 248.207 |
| 08/2018 | 2.783.297 | 2.445.718 | 88% | 337.579 |
| 09/2018 | 2.604.394 | 2.218.804 | 85% | 385.590 |
| 10/2018 | 2.489.217 | 1.960.899 | 79% | 528.318 |
| 11/2018 | 2.586.363 | 1.534.281 | 59% | 1.052.082 |
| 12/2018 | 2.331.318 | 3.087 | 0% | 2.328.231 |
| **Вкупно:** | **28.985.661** | **23.236.395** | **80%** | **5.749.266** |

**Фактурирано/Наплатено**
**-ПРАВНИ ЛИЦА**

| Месец | Фактурирано | Наплатено | Процент на наплата | Ненаплатено |
|---|---|---|---|---|
| 01/2018 | 553.193 | 547.196 | 99% | 5.997 |
| 02/2018 | 547.443 | 540.687 | 99% | 6.756 |
| 03/2018 | 553.496 | 543.083 | 98% | 10.413 |
| 04/2018 | 547.231 | 528.583 | 96% | 18.648 |
| 05/2018 | 580.288 | 566.396 | 98% | 13.892 |
| 06/2018 | 554.666 | 526.696 | 95% | 27.970 |
| 07/2018 | 601.689 | 564.711 | 94% | 36.978 |
| 08/2018 | 589.470 | 523.755 | 89% | 65.715 |
| 09/2018 | 598.936 | 503.449 | 84% | 95.487 |
| 10/2018 | 573.088 | 435.024 | 76% | 138.064 |
| 11/2018 | 583.045 | 355.673 | 61% | 227.372 |
| 12/2018 | 584.982 | 875 | 0% | 584.107 |
| **Вкупно:** | **6.867.527** | **5.636.128** | **82%** | **1.231.399** |

Забелешка: Во 2018 година во сметководствената евиденција на ЈПКД Брегалница-Делчево се евидентирани затезни камати за ненавремена уплата на јавни давачки по Решение од УЈП бр. 28-19/4 од 09.03.2018 година во вкупен износ од 5.547.918.00 денари и тоа:

-Затезна камата по основ на ДДВ : 1.640.513.00 денари;
-Затезна камата по основ на ПДД: 644.463.00 денари;
-Затезна камата по основ на ДД: 3.262.942.00 денари:

Истите се пријавени во Даночен биланс за 2018 за оданочување како непризнати расходи по претходно дадено стручно мислење од Рафајловски Консалтинг со што ЈПКД Брегалница-Делчево е обврзана да плати Данок на добивка по Даночен биланс за 2018 година во износ од 458.922.00 денари.

Обврската по основ на главен долг за ДДВ со состојба на 01.01.2018 год. изнесувала 832.883.00 денари и истата во текот на 2018 година е целосно измирена.

Обврската по основ на главен долг за Данок на добивка со состојба на 01.01.2018 год. изнесувала 1.489.963.00 денари и истата во во текот на 2018 година е целосно измирена.

Вкупните обврски по основ на главен долг и затезни камати по сите видови на даноци со состојба на 01.01.2018 година изнесувале 7.870.764.00 денари.

Ентитетот во завршната пресметка на позицијата акумулирана добивка ги има евидентирано овие затезни камати како грешки кои настанале како превид или погрешно толкување на фактите бидејќи не биле евидентирани во деловните книги како расходи за камати во периодот 2010-2017 година ин а тој начин во Годишните сметки и Финансиските извештаи за претходните години ЈПКД Брегалница искажало помалку расходи а поголема акумулирана (задржана) добивка.

Заради тоа според точките од **10.19 до 10.22 од Оддел 10 од МСФИ за МСЕ** овде се работи за материјална грешка и ентитетот има извршено исправка на таквата материјална грешка од претходните периоди преку почетните салда на обврските и главнината заклучно со 31.12.2018 година.

15.03.2019 год.
Делчево

ЈПКД Брегалница-Делчево
Директор
Стојче Стојковски